## Материјал за ученици 5.1

## Подготовки за конференцијата за рамка на правила

## Распоред

| Временска рамка | Агенда | Материјали и ресурси |
|---|---|---|
| Лекција 1 | Создавање на групи.<br><br>Секоја група вклучува член од секое рибарско село. | Материјали 5.1, 5.2. |
| Лекција 1<br>Лекција 2 | Групите прават предлог рамка на правила.<br><br>Групите ги подготвуваат презентациите.<br><br>Членовите на општеството ги усвојуваат правилата за процедурата и гласањето на конференцијата. | Материјал 5.2, 5.4.<br><br>Хартиени табли и маркери. |
| Лекција 3 | *Пленарен состанок:*<br><br>Групите ги претставуваат предлозите.<br><br>Членовите на заедницата ги споредуваат и оценуваат предлог-правилата.<br><br>Членовите на заедницата дискутираат за која рамка да ја усвојат. | Материјал 5.3. |
| Лекција 4 | *Конференција:*<br><br>Членовите на заедницата прават кратки промотивни говори за моделот кој го одбрале.<br><br>Тие ја применуваат рамката на правила со гласање на мнозинството.<br><br>*Размислување:*<br><br>Учениците размислуваат за нивното искуство | Материјал 5.4.<br><br>Листови од бела А4 хартија, пенкала, маркери. |

## Зошто треба да ја играте играта на одлучување?

Методот кој е применет во распоредот погоре е игра на одлучување. Причината заради која е одбран овој метод е следната.

Играта функционира како модел. Ги прикажува важните аспекти на реалноста и ги покажува јасно бидејќи изостава многу други детали. Сите држави имаат некаков вид на основна рамка, или устав кој ги поставува правилата за донесување одлуки и решавање конфликти. Без

ваквата рамка, членовите на заедницата ќе немаат поддршка за решавањето на нивните конфликти и ќе се впуштат во насилство.

Кога учествувате во демократијата, вие ги практикувате правата кои ви ги дал уставот на вашата држава. Најдобриот начин да се разбере како рамката на правила и закони функционира во вашата земја е самите вие да создадете рамка. Оваа игра на одлучување ја дава таа задача.